**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од четвртото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јули 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Звонко Мирчевски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, почитуван министре констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пратениците Ѓулистана Марковска, Алија Шахиќ и Радмила Шекеринска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по точката 3, со претрес во начело, по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави пратеникот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе,

Бев пријавен за дебата по Предлогот на Буџетот, но во интерес на времето ќе ја повлечам мојата дискусија. Меѓутоа, дозволете ми само да кажам само две реченици.Едната е дека со жалење може да констатираме дека во овие времиња, тоа го кажа и министерот за финансии кој ја претставува Владата и г-динот Фити дискутираше по екстензивно за тоа прашање, да констатираме дека Владата не успеа да најде сили освен во расходите во ресорите кои дирекно се погодени со кризатата, во другите ресори не успеа да создаде простор за било каква затеда, за да не се случи прелевањето на кризата на ваков драстичен начин кон оние кои ги даваат своите приоди преку даночниот систем во Буџетот. Значи можеме да констатираме дека Владата, во другите ресори не успеала да смогне сили да донесе Буџет што ќе приликува на вонредна ситуација. Затоа не би сакал повеќе да дискутирам.

Второто, она што би сакал г-динот министер да го соопшти пред Собранието пред да почнеме со гласање, со процедура на гласање по Буџетот, е стапката во приходниот дел на Буџетот што е 7191, тоа е всушност туку што донесениот данок на финансиски трансакции. Ова Собрание го усвои тој закон со цел да зафати во Буџетот, по пресметка на министерството околу 2 милијарди и 300 милиони денари.

Првите десетина дена од спроведувањето на овој Закон, недвосмислено укажуваа и според она што во весниците пишува и според нашите сознанија што во нашата пратеничка група го имаме, дека ваквата проекција ќе биде можеби дупло и повеќе. Неколку пати помала од тоа што реално со данокот ќе се зафати. Пред да пристапиме кон гласањето на Буџетот би сакале како пратеничка група или јас како пратеник од министерот да добиеме одговор што ќе се случи во оној момент кога според евиденцијата на Министерството за финансии приходите од овој данок ќе ја достигнат проектираната сума во Буџетот? Дали министерот размислувал во тој момент, како што предложи интервентен закон за воведување на данокот, да предложи и интервентен закон за укинување на тој закон односно данок или мислиме, со оглед дека очигледно приходите ќе бидат многу поиздашни отколку што се планираше, да продолжиме и понатаму со данокот, без разлика што ќе ја премавне проектираната буџетска позиција. Би сакале, доколку има видување од Министерството за првичните податоци за собирање на данокот и проекција дали Владата размислува овој закон, кога ќе ја наполни буџетската стапка да го укине, да добиеме одговор во текот на расправава.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Збор има министерот за финансии г-дин Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во врска со второто прашање на г-динот Поповски би сакал да одговорам, за само неколку дена да се оцени како се движи еден данок, имаме 7-8 денови од воведувањето на овој данок, би сакал да ги демантирам сите искажувања дека според досегашните показатели ќе собереме два пати или три пати повеќе пари од планираните.

Можам да потврдам дека во овие 7-8 денови што никако не можат да бидат сигурен показател дека така ќе биде имаме 15-20% повеќе од планираното. Сеуште не може да се земе како некаков показател. Тоа е првиот момент.

Вториот момент што состојбата во земјата е крајно неизвесна во смисла како ќе се одвива на политичко безбедносен план? Што ќе се случ со другите даноци?Што ако имаме пад на другите даноци? Би сакал и би бил среќен доколку бидеме во состојба порано да го укинеме овој закон. Но, да оставиме времето да покаже дали ќе бидеме во можност такво нешто да направиме.

Инаку, ако останатите даноци одат според проекцијата, според оваа проекција што е сега направена при последните преговори со ММФ и ова што е пред нас тука, пред парламентот, ако така одат работите би сакал да можеме порано да го укинеме пред 31.12. Но, не можам да потврдам и однапред да кажам кога живееме во време на неизвесност заради трошоците за национална безбедност и воопшто заради безбедносната состојба во земјата.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

поминаа повеќе дискусии за Буџетот и можеби дискусиите можат да се поделат и повеќе политички дискусии и дискусии што повеќе се обрнуваат стручно економски на самиот Буџет. Меѓутоа, материјата, самиот Буџет,со својата карактеристика всушност води политика и неизбежен беше таков дел на дискусиите. Од стручнот дел имаше доволно квалитетни дискусии и дискутанти кој доволно кажаа. Политичкиот дел секогаш останува отворен и јас тука ќе кажам делови на што генерално имаме забелешка кон овој буџет, кон политиката што ја води овој буџет, бидејки се обидува моментално да ја креира политиката во РМ, да ја третира ситуацијата воена-невоена, граѓанска војна неграѓанска војна, ситуација кога се оделени територииии на Република Македонија и очигледно овој ребаланс на Буџетот пробал да реши некои делови од таа материја. Сметаме дека е тоа тешка, макотрпна работа за било кој министер, министерство, држава што би се наоѓала во ваква состојба. Тоа е неизбежното.

Ситуацијата во коај се наоѓаме и самото министерство , таа е тешка, тешка ситуација за Владата, за државата РМ и са парламентот што треба да го гласа овој Буџет. меѓутоа и покрај таквите ситуации за овој Буџет имаме некои размислувања Што се неповолни во одредени размислувања за Буџетот и сметаме дека овој пат, за разлика од минатиот кога не бевме присутни, а бевме присутни со многу амандмани, а ги бојкотиравме седниците дека овој пат ќе бидеме присутни и ќе можеме да соработуваме со Миистерството за финансии за евентуално конструктивните идеи што се прифатливи за Министерството да ги импелемнтираме во таквата политика. Очекуваме една конструктивна атмосфера и соработка за нашите амандмани со Министерството за финансии и сметаме дека сите амандмани што ги дадовме се засновани на една реална основа.

Генерално, не сме задоволни од аспектите што беа наброени од многу други дискутанти претходно за политиката што се води во Бузетот, тоа што се кажа дека е добро за средствата што се оделуваат за Министерството за одбрана и за Внатрешни работи неопходни за решавање на кризата, меѓутоа расходниот дел, со расфрлање на другите министерства, Владата и военото профитерство што се случува и понатаму во РМ, а за што е одговорна Владата и Министерството за финансии со својата контролна функција, е делот што никао не можеме да го оправдаме и сватиме во овој момент. Тука нема никакво оправдување за Министерството за финансии. Тоа треба да е иницијатор за контрола на државата врз сите овие процеси што се дефинитивно воено профитерство, во една тешка ситуација на РМ. За тоа нешто нема никакво оправдување за нас.

Пак ќе кажам, можеби сите треба да сме реални и умерени во изјавите. Меѓутоа, политика треба да се води со Буџетот и овој Буџет се обидел да води некоја политика. Меѓутоа, има дел на политиканство. Лично во експозето на министерот, навистина би му забележал, во овие моменти навистина е тешко да се води, да се направи Буџет кога нема услови, кога не е вонредна состојба, а треба да се направи за една скоро вонредна состојба, еден скоро воен буџет. Тоа е навистина тешко. Меѓутоа,

сензационалистички изјави дека минатата година беше најуспешна на економски план од последните 20 години, навистина е чудна изјава. Или министерот и Министерството не се свесни во кое опкружување живеат или граѓаните на РМ не се свесни во каква добра економска состојба живеат дека минатата година им била најдобра економска година во минатите 20 години, а за тоа ќе дадам некои показатели од тоа дека тие аргументи не стојат.

Бруто домашниот производ 1990/91 бил 60%повисок од општествениот производ денеска, оваа година, што е кажано дкеа е најуспешна. Стапката на општествениот производ 1990/95 бил поголем, така што сметам дека не е време за вака сензационалистички изјави пред парламентот и на таквите изјави тука не им е место. Сите други расправи околу намената на парите, можеме да разговараме.

Кое е нашето незадоволство од креирањето на политиката што ја креира овој Буџет?

Во приходнито дел, каде интервенираме амандмански, не сме задоволни од несобирањето пари од капиталните придобивки и приходи. Тука е предвидена стапка нула. Сметаме дека со една ваква проекција на ребалансот на буџетот Министерството свесно или несвесно ги штити новопечените богаташи кои во огромни дисконти и знаеме во какви политички услови, со какви привилегии приватизираат претпријатија, се стекнаа со огромен капитал, и се стекнуваат, а приходите што се должни да ги платат на државата по овие стапки не се предвидени да се соберат. Затао бараме објаснување од минситерот за финансии.

Под оваа стафка очекувавме она што треба да го прибере државата и Министерството за финансии што следува според Законот. Вака и натаму се штитат новопечените богаташи, понатаму да се случува она што се случува во РМ и понатаму да не ги плаќаат придонесите, слободно проверете преку Вашите служби дека голем дел од тие кои купија фирми по багателни дисконти од 70%-90% и ден денеска не ги платиле придонесите на вработените за здравство, за пензиско и ден денеска не ги подмириле обврските кон државата. И денеска работата со жиро сметки на синдикатот. Таквата ситуација на теренот е ндозволива за Владата.

(Дофрлања од место),

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Молам за ред во салата и да му овозможиме на пратеникот Стојменов да се доискаже.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Исто така барам објаснување од министерот за финансии зошто не се планирани приходите од јавните претпријатија, нивната дивиденда, тоа е за приходнито дел. Дали тие се поштедени од оваа состојба, дали тие средства одат во друга насока, зошто не се предвидени во приходниот дел на ребалансот. Тоа се веќе конкретни размислувања.

Инаку, ако Буџетот вака се прави, се остава само колку треба да земе Владата, односно според потребите на Владата, а не според можностите на државата, тоа веќе наликува на некој комунистички буџет, но не источно комунистички кога државата земаше само колку и треба и да води ситуација за стопанството , бидј еќи навистина, очигледно со законите секој ден се оптоварува стопанството, се оптоварува со буџетот, со даноците без да се размислува за неговите можности и тенката линија по која оди.

За расходите, за расходниот дел ќе кажам повеќе, мест а каде има расипништво и апелираме до Министерот за финансии преку своите колеги во неговото министерство, имаме дадено амандмани за неговото министерство, треба да даде пример за штедење во овие тешки времиња, односно насочување на средствата кон воените цели и целите на Министерстовото за внатрешни работи. Со давањето пример од Министерстовто за финансии, веруваме дека и другите министерства ќе предстанат со расфрлувањето, со расходите, како што е скорешното расфрлување на Министерството за труд со 40 луксузни возила, згора со сомнителен тендер, со блиски фирми кои обично не се доволно транспарентни,сите тие зделки, не се доволно јасни.

Сакам да прашаам, фактот дека буџетот во последните 10 години растел по 1% годишно, во последните две гродини Буџетот на Република Македонија пораснал 900 милиони марки, или расте за 70%. Бруто домашниот производ за 2%. Прашањето што нам не ни е јасно и бараме објаснување денеска во општата расправа е каде се парите? Каде се тие пари? Во

производството исгурно не се, бидјеќи производстовот не расте.

Во 1999 година, ако еден граѓанин на РМ, плаќал во буџетот некаде мегу 665-670 германски марки во 2000 година плаќа 1120 марка по жител, каде се парите? Парите сигурно не се кај граганите. Никој не тука да излезе да каже дека овој вишок на пари, волкавата разлика не се кај граѓаните. Дали се кај корисниците на буџетот, дали ги покачивме платите на судството, дали ги покачивме платите на просветата, дали се подобрени условите за работа? Не. Значи не се ниту во буџетските корисници. Дали се во социјалните програми? И тука одговорот е не. Дали ги покачивме пензиите и социјалните програми дали се знатно зголемени? Не се. Инвестициите во државата генерално не се зголемени, сите ке се согласиме. Значи, парите одат на луксуз. Луксуз што често е сврзан со знаени добавувачи, партиски бизниси и нови профитери што преку ноќ се збогатуваат.

Знаеме дека остатокот на пари е во Народната банка. Не се користат. За нас тоа се стерилни пари. Пари што не можат да се оплодуваат. А, во медицината ние таквите случаи каде има стерилитет ги праќаме на лекување. За тој капитал треба лекување односн о начин на негово лекување во стопанството на Република Македонија.

Друга конкретна забелешка што ја имав на Буџетот на РМ, е тоа што сметаме дека се неправилно прикажани средстбвата, односно само дел од средствата на Телеком. Не сме против политиката што ја определи Владата, Миниството за финансии, само дел од средствата да определи во овој период. Тоа е во ред. Меѓутоа, со кое право министерството за финансии тие средства не ги прикажува во буџетот, па нека не се трошат. Со тоа ќе овозможи транспарентност на тие средства.

Кој има право да ги контролира и гледа тие средства? Да ги следи? парламентот на Република Македонија, преку буџетот. За нив ке нема програми за трошење и тие треба средства да бидат прикажани во буџетот. Вака, каде се парите од "Телекомот" што се случува со нив, колку се, што се, незнаеме бидјеќи нема транспарентност преку прикажуваше во буџетот и тоа е голема замерка. Бараме одговор од Владата во оваа дискусија, во оваа расправа околу Буџетот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа се нашите генерални забелешки кон Буџетот и главните објаснувања и ако тука најдеме заеднички јазик со мивистерот за финансии, кие би го прифатиле Буџетот со оглед на сложеното време, меѓутоа најглавен дел за нас дали ќе го прифатиме и како ќе се изјасниме за Буџетот, тоа е амандманскиот дел. Имаме поднесено голем број на амандмани кои ги делиме на неколку групи, се обидуваме да влијаеме на Буџетот во деловите на политиката за која се изјасни и јавно оваа Влада, се обидуваме да влијаеме во делот на социјалата каде што е засегната од воената состојба и на други места кои ќе ги прикажеме преку амандманите. Ние апелираме и се надеваме на соработка овој пат министерот за финансии да не се однесува кон нашите амандмани ат хок, нихилистички, туку конструктивно и да ги разгледуваат според нивната тежина и вредност, бидејќи таквото однесување ни беше наметнато при донесувањето на Буџетот во јануари кога над 105 наши амандмани беа отфрлени. Ако еден министер само на денешната седница, во претходниот дел на денешната седница ги прифати 100% амандманите на сите пратени-ци од ВМРО-ДПМНЕ кои беа дадени на Парламентот. Тоа го има во стенографските белешки, беа прифатени сите амандмани на сите пратеници што ги дадоа од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а кој ги одби сите нап 100% амандмани во претходната расправа. Тоа е веќе политика која се граничи со нихилизам и не е борба на аргументи. Бараме во амандманската расправа борба на аргументи, објаснување за сите овие состојби и за амандманите, а на основа на тоа ќе се одлучиме како ќе гласаме за Буџетот. Значи, се надеваме на поконструктивен приод.

Сега исто така, политичко, но локално прашање кое морам да го поставам во оваа ситуација до Министерството за финансии, до Владата на Република Македонија, до министерот за финансии а кое ја засега следната материја. Тука од неколку дискутанти беше наведено дека распределбата на средствата води политика дискриминаторска кон источниот дел на државата Република Македонија. Тоа беше искажано во неколку дискусии и беа кажани негодувања и има голем број на амандмани во тој смисол дека источниот дел на Македонија е сепак понеразвиен, а средствата не се адекватно распределени во тој дел на Македонија. Ако е така, ако постои во тој источен дел пак дупка на распределбата на средствата и на проекти, тоа е градот Штип. Господине министре и господа претставници од Владата, парите

што ги распределувате од "ТЕЛЕКОМ" имате 22 проекти прифатено на сите соседни градови и на градот Штип, а ниеден проект за градот Штип. Дали е тоа политика кон овој град, дали е тоа казнена политика, дали е тоа превид, или за што се работи? Градот Штип пропаѓа економски и е еден од градовите кој можеби беше единствен по бројот на индустриските капацитети и заради тоа е жртва на времето на транзицијата и град во кој не се усвојува ниеден проект. Нема проект за водоснабдување, а има во сите околни градови околу Штип, нема проект за медицински центар Штип во кој се најде јапонската Влада да вложи шест милиони марки, мегутоа нашето Министерство за финансии ниту денар не вложува во инфраструктурата за да се користи таа апаратура, нема средства за програми за пропаднатите фирми. Една фирма "Македонка" штрајкуваше во паркот, а има на пример проект од околните градови: зеленило во градот Делчево. Ќе видите таму во средствата од "ТЕЛЕКОМ", зеленило во градот Делчево. Јас навистина не можам да разберам, градот Штип ја нема решено состојбата со водоснабдувањето, а вие во градот Делчево сте дошле до ставката зеленило. Тоа е неразбирливо и ние протестираме на ваквиот начин на однесување кон градовите. Бараме средствата од "ТЕЛЕКОМ" да се распределат не на база на политички критериуми, туку на база на проекти, аргументи, дисперзирано во сите региони без разлика на политичката локална власт, без разлика на претставниците, политичката слика во тие градови. Знаеме дека со распределбата на средствата од "ТЕЛЕКОМ" се води политика. Ваквата политика не ја прифаќаме и очекуваме објаснување од Министерството за финансии и ако ова не може нешто да се измени со распределбата на средствата, очекуваме во иднина проектите од градот Штип барем некој да биде прифатен што е реален и што има здрава основа да биде прифатен од Министерството за финансии, а такви има. Ако нема, треба да се изработат.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор, господинот пратеник Ванѓел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници, само за пример ќе го земам Буџетот на Полска. Кога се усвојува Буџетот на Полска се обрнува големо внимание, а колку е нивното големо внимание доволно зборува податокот, доколку не се усвои, паѓа Владата. Замислете какво значење му се дава на Буџетот. Нашата Влада не само што го уништи Буџетот, ја уништи и државата и никако да падне. Со овој премиер на Влада и министер за финансии стануваме земја на чудата, земја на рекорди, земја на фантазија, односно земја во која постигнуваат фантастични економски резултати. Јас не знам само кој верува во овие фантастични резултати и во овие чуда кога народот никогаш не бил победен, не бил победен ниту во турско, кога жнееше со срп, кога земјата ја копаше и ја ораше со плуг и со копачи. А во денешно време за жал со комбајни кога од сите страни пристигнува и помош, ние бркаме во контејнерите. За жал, тоа е вистината. Кој е виновен, освен оваа Влада. Никој друг. Така премиерот ќе каже дека имаме фантастичен Буџет за последните 50 години. Не знам кој поверува. Мижеме да се потсетиме на едноумиете кога можевме барем на кредит ако не друго да купиме возило и стан. Сега не можеме да се прехраниме, затоа што нема ниту кредити, ниту имаме пари да купиме парче леб. А зборуваме за 50 години. Дали сум комунист, или не, јас ќе покажам со своето излагање, но не сум предавник на овој македонски народ на оваа држава и не го крадам својот народ. Најголем непријател на оваа држава и на својот народ е оној што го краде својот народ, поголем непријател не може да биде. И комунистите не беа толку големи непријатели како што сте вие. Министерот за финансии ќе каже дека 2000 година е најуспешна година во последните 20 години на економски план. 5,1% пораст на бруто домашниот производ со инфлација од 5,8%, односно оценки типични на Енвер Оџа, Сталин, Кастро и тн. и други социјалистички, оние што вие ги сакавте претседатели. Јас на овие оценки ќе додадам уште две. За разлика од нив, мојата оценка е следна и вистинита е, во ваше време ни се случија најдраматични настани за опстојување на Македонија во нејзината историја и фантастичен, би рекол невиден криминал да се уништи тотално својата татковина, да се испокраде, до темели да се уништи стопанството кое и онака беше уништено од претходната власт. За мене ова е невиден и несвојствен начин на политичари кои малку кога би ја сакале својата татковина би имале барем малку чувство во грабежот. Нашиот народ ќе рече: сите се исти, сите крадат. Барем малку имајте почит кон народот. Вие воопшто немате, а трагедијата да биде уште

поголема на оваа библиска и вековита држава ни ја уништивте Македонија. Пред нас е ребалансот на Буџетот за 2001 година. Тој Буџет е уште еден рекорд на министерот за финансии, бидејќи тој по обем е најголем Буџет од осамостојувањето на Македонија до денес, односно 70% е поголем од Буџетот во 1еее година, или изразено во пари е00 милиони марки е поголем. Или ако Буџетот по глава на жител би го споредиле во 1999 година би имале 670 германски марки, а тој сега изнесува преку 1100 германски марки по жител. Значи приходи на граѓаните фантастично се пораснати за последните две години, односно 70% се пораснати приходите на граѓаните. Јас не знам дали тоа граѓаните го чувствуваат, дали сега овие нови возила се резултат што ги купуваат поединци од овие зголемува на Буџетот, или нешто друго, тоа народот многу добро го знае. Тоа е приказната на министерот за финансии, би рекол повеќе приказна за мали деца, отколку за граѓаните на Република Македонија. Ако ја цениме сега приказната на корисниците на тој Буџет ќе биде следна. Платите на буџетските корисници во последните 10 години не се променети, но реално опаѓаат, затоа што имаме девалвација и скоро сите производи поскапуваат. За да бидам поубедителен во 1980 година бев во Полска на специјализација. Мојот професор каде што бев на специјализација имаше плата 80 германски марки, а јас тогаш како асистент имав околу 350 германски марки. Замислете си сега во Полска професорите имаат од 2.500 зависно кое звање го имаат до 3.000 марки плата, а кај нас професорите универзитетски имаат 500 до 600 марки плата. Каде отиде Полска, а каде ни ја доведовте Македонија. Дали некој се замислува, дали не ве боли ова, дали го чувствувате ова, дали имате грев спрема Македонија и спрема граѓаните на Македонија, или важно е вие да ограбите што повеќе да се збогатите и со парите да избегате. Не, господа, тоа нема да ви го дозволи македонскиот народ. Не само образованието, на просјачки стап е доведено и судството. Имавме можност да ги видиме скоро и демонстрациите за здравството да не зборуваме, полиција, армија и тн. Социјалните примања на граѓаните номинално не се променети, односно реално опаѓаат. Луѓето не можат ниту струјата, ниту водата да си ја платат, а да не зборуваме за некаква лична хигиена која е веќе луксуз и тоа невиден. Долговите спрема странство растат, наместо да опагаат, а зборуваме за некаков невиден Буџет. Невработеноста ја достигнува фантас-тичната бројка од 400 илјади и таа расте. Каде се оние силни пари што ги имаме од "ТЕЛЕКОМ", што продадовме, каде ги инвестиравме, каде се тие средства? Никој не знае. Бројот на сиромашните фамилии исто така се приближува до една фантастична бројка до 100 илјади.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Од место).

Ти каде си, каде се наоѓаш?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ве молам да не упаѓате. Ако некој сака да зборува, нека побара збор, ќе има можност од говорницата на Собранието да каже.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не се наоѓам со вас. Бидејќи ме прашавте, ќе ви одговорам. Почитувани граѓани, вас ви се обраќам, бидејќи вие нема да верувате ова што ќе ви го кажам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Јас би ве замолил да не водите дијалог. Ако имате да излагате, излагајте и ве замолувам да не упаѓате во дискусија.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине Стојановски, ме прашавте, ќе ви одговорам. Бидејќи ме прашавте дали јас сум соучесник. Јас ќе ви кажам, од мојата професорска плата колку што имам 600 до 700 марки, работев и како тренер пред да дојдам за пратеник, имав заштедено три до четири илјади марки. Тоа беше се. Единствен пратеник сум кој оваа година излезе надвор од Македонија и тие пари си ги потрошив. Имав 100 марки и тоа им го кажав и на пријателите, ми ги украдоа од кола и немам повеќе ниту една марка, ако ве интересира. Тоа да знаете. Јас како пратеник изгубив, ништо не добив и не сакам да добијам. Мене ми е важна Македонија, не ми сте важни ниту вие, ниту парите, ако толку ве интересира. Мислам дека ви одговорив.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Остатокот на парите каде се? Остатокот на парите се во банки. Какви се тие пари во банки? Не сум јас финансиер, ниту министер за финансии, ниту економист, но јас сметам дека парите, сум учел некоја си политичка економија, пак ќе го спомнам едноумието каде што парите треба да имаат обрт. Зошто мртви пари? Зошто парите од "ТЕЛЕКОМ" се мртви прашувам зошто? Зарем не требаше тие пари да се оплодуваат, да

бидат во оптек.Поетавувам едно логичко прашање на кое сакам да ми се даде одговор. По се изгледа Буџетот, министерот од Буџетот направи пица. Јас си земам за право да го преименувам овој збор од пица, не е пица, туку направи турлитава, во која турлитава страда само народот на Македонија, а профитира еден многу мал број, врхушката на ДПМНЕ. Зарем може да се шверцува цела држава и цел народ само за да профитираат неколку луѓе. Не, господо, тоа не смеете да си го дозволите.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Како претседавач на оваа седница ве замолувам политичките партии да ги ословувате со нивното име.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па Буџетот е поврзан со партиите. Прифаќам. Буџетот расте просечно за 35%, а бруто домашниот производ просечно за 3%. Каква диспропорција? За мене ова е несфатливо. Не знам кој е тој финансиер и економист што ова може да го подразбере. И како го подразбира и како го толкува. Која е логиката, кого го лажеме, дали самите себе, или народот го лажеме?

Само да ве потсетам, пак ќе го спомнам едноумието кое сите го критикувавме, но релативно подобро живеевме, релативно. Јас исто така сум поборник на ова не безумие, туку на пазарната економија и на демократијата. Во периодот од 1е74 година до 1ее8 година Буџетот растеше само 1%, а бруто домашниот производ исто така растеше за 1%, а тогаш можевме да си дозволиме скоро да немаше фамилија која нема возило, имаше фамилии кои имаа по две, или три возила, релативно добар стандард, се патуваше на одмор, на море, во странство и тн. Сега кога расте 35% па не можеме да излеземе никаде, не можеме ниту основните прехранбени артикли да ги набавиме. Нелогично. Во 1еее година Буџетот расте за 2,2%, а бруто домашниот производ за 2,7%. Не сакам да го правдам дека тогаш беше нашиот министер, па многу подобро ја знаеше економијата, туку изгледа дека тогаш работите беа на некое ниво, го испитувавме начинот на нечесно дали работење, сепак чесно се работеше за следната година да влеземе во овие дубиози кои сега се навлезени длабоко во криминал. Значи кога се сака, може да се работи чесно. Овие податоци укажуваат дека министерот за финансии на голема врата го промовира правењето на буџет во стилот на комунистички земји, односно се тргнува од потребите, а не од можностите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ: (**Продолжение**)**

Такви буџети видовме до каде ги доведоа источно-европските земји во кои и ние спаѓаме.

Во планирањето на приходите на буџетот не се почитуваат законитостите, транспарентноста и сеопфатноста. Некој ќе праша зошто. Одговорот е многу јасен. Затоа што на некого така му одговара за да може многу лесно дас профитира од овој напатен, намачен народ, кој се чувствува немоќен, немоќен народ. Нема ни на кого да се пожали, ни на кого да ја каже вистината.

Си земам за право и овде од говорница да кажам. Деновиве бев кај министерот, пред недела - две, за образование. Му кажав деканот што се прави на нашиот факултет. И инспекција беше, ништо, како да не дошла. Има запишано преку 100 студенти на своја рака, студенти кои не полагале приемни испит. Хаос владее секаде во државата. Никој ништо не презема, никој ништо. Одговорни сте господа, колку да сакате да бегате или не. (Дофрлање на некој од пратениците со зборовите "што има врска тоа") Има врска. На тој начин се дава можност одредени приходи да се користат не по волја на закон, ами по волја на министсерот, што е спротивно од Законот за буџетот. Тоа посебно се однесува на приходите од продажбата на општествениот и државниот капитал, приходите од јавните претпријатија, приходите од капитал и капитални добивки. Целта е тие пари да се купуваат и партиски фирми. Ќе ве потсетам за да ве наумеам и ќе кажам, тоа го кажуваше и Митко "врапчето", тоа и на врапчињата им е јасно. Господа, неможам јас да водам фирма. Јас можам да го водам фудбалот, за тоа сум се специјализирал и тоа знам, но можам објективно да ви ги кажам работите затоа што сум чесен. Затоа што вие немате храброст да ја кажете чесно работата. Затоа што не го сакате овој народ и оваа држава, го крадете, за тоа сакам да ви кажам. (Дофрлување од страна на некој пратеник) Во Битола одам со кренатата рака, вие не сумеете да се појавите во Битола. Ќе одам во Битола, јас сум битолчанец и сеуште се чуствувам битолчанец.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ве замолувам да се држиме до точката од дневниот ред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Во планирањето на приходите на буџетот нема транспарентност. Политика, како што е политика на плати, социјална политика, политика на развој и тн., само на партиско богатење и перење на пари. Каде не води ова, дали постои вода или некој детергент или сапун, кој може да го испере сето ова.

За крај, ние поднесовме амандмани, кога го разгледувавме буџетот беа поднесени 106 амандмани од наша страна, ниеден не беше прифатен. И сега имаме голем број амандмани, ќе бидеме среќни ако барем нешто прифати министерот. И ние тогаш ќе гласаме за овој буџет, за да придонесеме, не заради нешто друго, затоа што нашите амандмани се прифатиле. Во спротивно ќе гласаме против, затоа што овој буџет е против државниет интереси на државата.

За крај сакам да го прашам министерот, ако малку има доблест само да ми одговори со да или не, ништо повеќе. Деновиве слушнавме и некои од пратениците од СДСМ постави прашање, бидејќи имате блиндиран џип, ве прашувам зошто ви е. Ако имате малку почит и кон државата и кон армијата, ќе го отстапите ли, јавно да ми кажете да или не, на Армијата тој блиндиран џип.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Симев.

Бидејќи констатирам веќе подолго време во салата нема доволен број пратеници, ги замолувам пратениците да се вратат во салата, за да можеме легитимно да работиме.

Збор побара пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници, јас не се чувствувам како некој голем стручњак во областа на финансиите. Не земав збор за да дискутирам од аспект од некоја работа или материја која не ја разбирам многу, меѓутоа, ккоа се донесуваше буџетот си земав за право да го коментирам буџетот, сега аналогно на тоа имам некоја обврска да кажам неколку зборови и за ребалансот на буџетот.Веднаш на почеток да кажам дека мојата дискусија претежно ќе се однесува на делот на проектите кои се финансираат од средствата добиени од продажба на "Телеком" и најмногу би се задржал на тоа, додека за другиот дел во основа уште на почетокот сакам да кажам дека го поддржувам и дека во секој случај е во ред во едни вакви услови, средствата за безбедносната состојба на Македонија да бидат зголемени.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Караџоски, се извинувам што се уфрлам, но ги молам пратениците да влезат во салата, во спротивно ќе морам да ја прекинам седницата.

Повелете господине Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Во оној момент кога се донесуваше буџетот, јас господине минситер искажав доста пофални зборови за сите оние новитети кои се воведоа, поделбата на сектори, сегменти и различни фондови во тој буџет, неговата транспарентност, ја пофалив кампањата како се трошат нашите пари и сето тоа беше в ред и сега тврдам дека е в ред. Исто така, најмногу што ме фасцинира и што ме воодушеви при проекцијата на буџетот беше онаа ставка на капиталните инвестиции, што сметам дека е еден почеток на подбри времиња во РМ, заради тоа што онака како што беа наменети, тие даваа можност Македонија да тргне во еден правец кој сите долго го посакуваат. Тогаш при донесувањето на буџетот оставивме одреден дел на средства кои не ги разгледувавме, а тоа беа средствата од "Телеком" и тогаш не ги делевме за да го почекаме овој период. Сега, од овој аспект гледано, мое лично размислување е дека можеби требаше тогаш при утврдувањето на буџетот да ги поделиме и тие средства, затоа што во РМ за жал настаните се одвиваат брзо, од секунда, во минута се менуваат, за да сега кога го донесуваме ребалансот имаме една сосема друга и различна состојба. Тоа е од една страна. Од друга страна, доколку се согледа безбедносната состојба, можеби е добро што не ги разделивме тие пари за да ги имаме денес во овој момент и да ги финансираме таму каде што е најмногу потребно. Сега би сакал да кажам неколку зборови за проектите финансирани од средствата од продажба на "Телекомот". Лично вака кога би го гледал, а многу пати овде се зборуваше дека ние пратениците доаѓаме како некакви локал патриоти, повеќе водиме суметка за пределите од каде што доаѓаме. Ако тргнам од аспект на локален патриот, јас би немал причина да не го поддржам овој ребаланс, дури , би требало да бидам и задоволен, затоа што Прилеп, градот од каде што доаѓам јас, во овој ребаланс, односно во проектите на

поделбата на средствата од продажбата на "Телекомот" е застапен, со неколку мали исклучоц, за кои можеби се надевавме, но не ги добивме. Сега некои износи се симболични, некои се доволни, но сепак после низа години, Прилеп се најде на една позиција сепак нешто да добие. За пофалба е и тоа морам да го истакнам, патниот правец Градско - Прилеп, каде што се одобруваат средства од 2.583.000 марки, каде што во прва фаза се учествува со 1.500.000 марки. Да расчистиме, една од фазите веќе е одобрена со буџетот, ова е за заокружување на фазата. Еве, имаме и пат Богомила - Црнилиште, потоа за изградба на спортската сала во Прилеп, за старскиот дом во Прилеп, имаме Нешто и за водоводната мрежа, навистина симболично, но сепак се тргнува од Некоја мртва точка министерот, а минисггерот многу добро знае како дошло до тоа да влезе во програмата. Меѓутоа, со самиот факт што некој ќе се изјасни против ребалансот, се знае колкаво е и влијанието, односно колкава е неговата улога во финансиската контрукција.

Сега господине потпретседателе, ќе ве потсетам и за друга работа. Вие во вашата изјава за тој весник кажавте дека патниот правец се финансира од три аспекти, од буџетот, суфицитот и ребалансот. Мене колку што ми е познато, и буџетот и суфицитот вие го гласавте против. ако не бевме ние пратениците на мнозинството, односно на владеачката партија, тој буџет немаше да помине. Дали денес ќе имавме пари во буџетот да почнеме со патниот правец на требата лента.

Ова не го зборувам за да се истакнам себеси дека кој знае колку сум заслужен. Јас тврдам дека не сум заслужне. Можеби фактот што еве вие станавте потпретседател па сте сега заслужен заради функцијата што ја имате. Јас вака ќе кажам. На Прилеп му треба она што го добива и не сум заслужен ниту јас, ниту вие, ниту господинот Настески, ниту Трајко Гешовски, заслужен е граѓанинот на градот Прилеп и мислам дека победата е негова. А ние суме менливи категории, денес сме, утре не сме, во сите случаи битно е нешто да се добие. За жал јас посакувам, затоа така кажав во мојата дискусија, би сакал повеќе, не само Прилеп, туку да добиеше и Битола, Охрид и други. За жал, таква е поделбата, јас го кажав своето мислење. Да настојуваме во иднина да ни се случуваат уште неколку фирми како "Телеком", да даде Господ да имаме такви да продадеме, па да се расправаме за поделбата на парите.

А и друго ќе ве потсетам господине потпретседателе. Вие бевте едни од критизерите на самата приватизација на "Телеком". Ние може да се расправаме денес за патниот правец Градско - Прилеп, меѓутоа, пак да го поставам прашањето што ако не се продадеше "Телеком". Ако не се продадеше "Телеком", денес ќе немаше ни средства за да се прави третата лента.

Господине Настевски, сега и вас малку ќе ве спомнам.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:** (продолжение)

Се поставува една, во истиот тој спомнати сте, сега, колку сте вие, колку уредникот го креирал, незнам. Мегутоа, се поставува една теза дека му дојде редот на патниот правец итн., и дека по игра на случај, дали денеска или утре тој морал да се направи. Меѓутоа, за ваше потсетување, ви се обраќам, затоа што вие бевте заменик министер во претходната влада и добрознете дека овој патен правец, воопшто немаше да дојде да се разгледува, затоа што кога беше СДСМ на власт имаше еден проект преку Бабуна. Така што овој патен правец со третата лента остана на страна. Ако не беше залагањето, сега еве нека не е тоа мое, нека е од другите пратеници, сепак успеавме на некој начин да издејствуваме, макар и трета лента. Затоа што патниот правец Бабуна и вие сте свесни дека е мислена именка и прашање е воопшто дали некогаш ке се оствари. Ако не е така, демантирајте.

Меѓутоа, сметам дека, ако размислуваме како прилепчани, како граѓани, зборувам конкретно за оваа работа, не е вкусно да се препукуваме преку весници, преку средства за информирање. Треба едноставно да кажеме дека сепак градот добива. Искрено ви кажувам, нека Прилеп добие и вода, нека добијат и сите оние проекти за кои се залага градоначалникот, никогаш н ема да ги препишам на себе. Прв ќе му честитам. нека добие градот. Не е битно кој кому ќе ја препише заслугата. На крајот на краиштата, кажав и сега најзаслужни се граѓаните на Републикава.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Караџоски.

Најпрво, бидејќи често се осврнуваше пратеникот на некаков напис во весниците,

што јас не сум го ни прочитал, ќе го сочувам достоинството на овој Дом и нема да се осврнам на неговата дискусија.

За збор се јави, за реплика пратеникот Настевски Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата, Претходниот дискутант колегата Караџиски многу трауматично изгледа го прифати списанието во весниците, иако на почетокот морам да кажам дека во основа јас сум за огромна поддршка на изградба и финансирање на објекти од инфраструктурата. Тоа значи живот, неопходнг потреба насекаде во нашата држава. Нашите простори се доста неуредени. Навистина, со почнувањето на изградбата на таканаречената треба лента, тоа е практично некоја реконструкција на патот преку Плетвар, се решава определено прашање, може би за одредено време се додека не дојде новата траса од Велес, магистралниот пат, едно прашање што со децении го товари тој дел на Македонија,а бидејќи познато беше и од пратеникот Гешовски кога говореше, има доста жртви, има доста предизвикано материјални штети на тој пат.

Сега би зборувал околу финансирањето, нормално, обврска на пратениците е да бараат во министерствата, во државните органи да реагираат и да бараат да се финансираат определен комунален објект во својата средина. Тоа е нормално. Меѓутоа, овие средства, кога има начин некако да се добијат, сигурно дека не треба да се права некаква глорификација, незнам дали медиумите тоа го направиле, меѓутоа заслугата, заслуги, јас обично не би сакал човек да се експонира дека е заслуга. Заслуга е на државата, како што рече Караџоски на народот. Тие средства се сепак од народот, а не се некои средства што се дојдени од некаде каде што треба да бидат некому по заслуга.

Бидејќи бев директно прашан, што и зошто е направено на тој патен правец во минатото и за времето кога јас бев заменик министер за урбанизам и градежништво, сега набрзина можам да кажам дека, за жал, во тие минати години на Владата на СДС немаше толку голема распродажба на државните претпријатија, ка јавните претпријатија па да има маса на пари и сега да почнеме да распределуваме. Сега веќе тоа зема некаков замав, слушаме се продава, се купува, за жал и сега во време кога државата се наоѓа во една исклучително потешка ситуација, а од фондовите што тогаш беа на располагање, се успеа да се направи комплетна документација, се успеа да се интервенира дури и во една фаза на магистралниот пат. Се знае, нормално дека патот преку Плетвар е регионален. А, иднината на патната мрежа на врската на југозападниот дел на Македонија е преку магистралната патна врска, преку Велес, понатаму Битола кон Грција.

Бидјеќи сум на говорница, во однос на Буџетот, на почетокот реков дека е моја заложба и секогаш би гласал за амандмани, оние што се однесуваат на изградба на комунална инфраструктура. за жал, буџетот изобилува со огромни бројки што треба да се вложат во оние работи што би можеле да почекаат. Особено во ова време сега кога очекуваме нови избори, да се трошат огромни пари.за мебел и канцелариска опрема, овде гледам 26 и кусир милиони денари, потоа, постројки, опрема машинерија милијарда и нешто, потоа изградба, реставрирање, две милијарди и 153 милиони, тоа малку ме зачудува иако не сум стручњак во финансиската свера. СЕпак мислам дека тие работи би можеле во овие моменти да почекаат, а средствата да се насочат кон други ак тивности. На пример, би кажал дека проектот 140 изградба на водоводни линии во Прилеп, што е минимален од 68 илјади германски марки, со амандман се кажува да се замени за милион и 68, што е една навистина сериозна и убава работа. Морам да нагласам дека во претходните два месеци Прилеп ја немаше таа среќа, а со одлуката на Владата средствата од Министерството за транспорт и врски да добие ниту еден денар. Замислете, за финансирање за изградба на водовод и канализација во 70-80 општини Прилеп, како средина што важи за достаслабо уредена, ја немаше таа среќа. Од Министерството за транспорт и врски не добив ниту еден денар. Овој амандман, низ ребалансот на Буџетот навистина заслужува внимание, што е еден придонес за уредување на градот.

Исто така би поддржал кога ќе се расправа по амандманите, интервенцијата за Програмата за заштита на водите, реките и езерата што износ е доста солиден, што се нуди, но ме загрижува...

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Вие земавте збор за реплика. Според деловникот имаме предвидено...

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Имате право, ќе се јавам за дискусија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги, бидејќи констатирам дека во салава немаме доволен број пратеници за да можеме понатаму да продолжиме со работа предлагам за пет минути да се вратат сите колеги во салата како би можеле да продолжиме со работа. Другите ги замолувам да останат на своите места.

Господинот Томислав Стојановски, бара збор процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратенииц, со оглед дека има постапка и очекуваме промена, некои интервенции во Уставот, практиката покажа дека решението во Уставот за начинот на работа на ова Собрнаие, дека Собранието работи ако на него присуствуваат нозинството од вкупниот број, сакам и имам подршка од колегите со кои сум разговарал, да една од интервенциите во Уставот е да се измени таа конструкција за обврската на Собранието, за бројот на пратениците, во смисла да Собранието работи со присутни, а одлучува со мнозинстовот од бројот на пратениците.

Со ова сакам само да ставам една моја иницијатива до вас, сознание, да направиме еден обид иако, Уставот тоа не ни го дозволува, да дискутираме и расправаме пред одлуката за гласање и со присуство да видиме дали ќе има мојата намера плод за измена на Уставот и дека ќе биде навистина добра работа.

Поради ова би му предложил на колегата да не инсистира на обврската од Уставот, барем сега во овој преоден период, ако до тогаш, успеам да го наметнам ова решение како уставна категорија. Затоа ве молам, прифатете да работиме и со присутните.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г-дине Стојановски.

Почитувани колеги,јас незнам кој со кого заговара, или какви идеи се заговараат, меѓутоа сум поборник на нтоа да се придржуваме на позитивните прописи и на Уставот и на Деловникот за работата на Собранието. А, дали некој ќе ги менува или не, дали ќе ги измени, за тоа ќе правиме муабет потоа.

Во овој момент ги замолувам службите да пребројат колку пратеници имаме во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Информиран сум дека во салата се пристуни 49 пратеници, тоа го констатиравме заедно со службата, а расправаме за толку значајни работи.

Предлагам 10 минути пауза, да почекаме да се соберат пратениците за да можеме да расправаме.

(Паузата започна во 13,50 часот.)

(по паузата)

Седницата продолжни со работа во 14,20 часот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, ве молам да седнете на своите места за да утврдиме дали имаме кворум за работа.

Ве молам да го вклучите системот за гласање за да утврдиме точен број на пратеници во салата.

Во овој момент констатирам дека десетина пратеници не достасуваат за да можеме да продолжиме со работа.

Почитувани пратеници,

Направивме напор во ова време од 15-тина минути да се собереме и да почнеме да работиме согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и бидејќи и по вториот обид констатираме дека немаме кворум за работа давам пауза за ручек и предлагам во 15 часот да влезете во салата за да продолжиме со работа.

**ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:**

До колку ќе работиме.

Најпрово да собереме доволен број на пратеници, да имаме кворум и да имаме пратеници од пратеничките групи, заради тоа што денеска е отворањето на "Охридско Лето" и некој од пратениците сакаат да бидат присутни и потребни се таму, би работеле до 17,00 часот, а утре заради активности кои ќе се обавуваат во Собранието не ќе бидеме во состојба да продолжиме со работа.

Значи, ако ја прекинеме седницата во 17,00 часот, тогаш дополнително ќе биде закажана за наредната недела.

Пауза до 15,00 часот.

(по пауза за ручек) Седницата продолжи со работа во 15,30 часот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да го вклучите системот за гласање за да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи имаме кворум за работа, и со оглед на значењето на документот кој што го носиме се откажувам од дискусија.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Значи г. Стојановкси се откажува од дискусија во интерес да продолжиме со работа.

Ви благодарам г. Стојановски.

Збор побара пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас побарав збор за реплика но се откажувам

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г. Караџоски.

Молам дали некој друг бара збор?

(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот во начело.

Отварам претрес по Предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмаш на раздел 09002 на делот проекти, на делот фондот за здравство за бришење на проектите 068, 069, 070, 072 и 073-30; на раздел 09002 на делот на пректи, на делот на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за бришење на сите проекти; на раздел 09002 на делот на пректи, на делот Министерство за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а и на раздел 09002 на делот на пректи, на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање ов поект 42-а; раздел 08001 за додавање потставка 427187 и на рздел 09002 потставка 466093 и на раздел 07001 потставка 466093 и тие се составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандмани на раздел 09002 на делот пректи, на делот на Министерството за животна средина и просторно планирање за додавање ов проект 010-а; раздел 09002 на делот проекти, на делот на Министрство за транспорт и врски за додавање нов проект 042-а; за менување на насловот на проектот на 046 и за менување на насловот на проектот на 047 и на разделот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 131-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандмани на раздел 09002 на делот проекти, на делот на Мистерстовот за локална самоупрва за додавање нов проект 138-а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандмани за додавање нов член 3-а по членот 3 на раздел 090.02 на делот проекти, на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ванчо Пандов поднесе амандман на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Васил Гаџовски, поднесоа амандмани на раздел 09002 на делот проекти, на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Александар Пандов и Ристо Спанаков поднесоа амандмани на раздел 02001 ставка 420 потствка 420018 потставка 420026 и потставка 420077 и на раздел 09002 програма 12 ставка 462 потствка 462039, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Васил Гаџовски поднесоа амандмани на раздел 09002 на делот проекти, на делот на Министерството за локална самоупрва за додавање два нови проекти 143-а и 143-б, и истиот го повлекоа.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандмани на:

член 2 билансот на приходите, ставка 711 потствка 7111;

член 2 ставка 711 потставка 7112;

член 2 ставка 711 потставка 7113;

член 2 ставка 714 потставка 7141;

член 2 ставка 714 потставка 7142;

член 2 ставка 716 потставка 7161;

член 2 ставка 718 потставка 7181;

член 2 ставка 719 потставка 7191;

член 2 ставка 721 потставка 7212;

член 2 ставка 721 потставка 7213 и

член 2 ставка 731 потставка 7311, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Алија Шакиќ поднесе амандман на раздел 09002 на делот

проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 018-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на раздел 09002 на делот на проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт за проектот 059 за менување на колоните 4, 5, 6, 7 и 8 под број 07-2419/23 од 4 јули 2001 година и истиот го повлече.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт, проект 059 за менување на износите во колоните 4, 5, 6, 7 и 8, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Демуш Бајрами поднесе амандман на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Томислав Стојановски, Чедомир Краљевски, Благој Стојковски, Драган Митевски, Ненад Ристевски и Филип Петровски, поднесоа амандман на раздел 09002 за делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а и во истиот раздел на проектите 045, 060, 084, 088 и 105, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аслан Селмани поднесе амандмани на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б и на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Фатмир Етеми поднесе амандман на раздел 09002 за делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа на проектот 143-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристевски, поднесе амандман на член 3 раздел 35003 ставка 401 и ставка 731, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристевски, поднесе амандман на член 3 програма 11 ставка 402 , по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Илоски поднесе амандман на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање два нови проекти 017-а и 017-б; 09002 на делот проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 012-а раздел 09002 на делот проекти на Министерството за економија за додавање нов проект 009-а и на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 127-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Илоски го повлече амандманот на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 127-а, поднесен под број 07-2419/59.

Пратеникот Илија Илоски поднесе амандман на раздел 09002 делот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 127-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Трајко Гешовски и Жарко Караџовски, поднесоа амандман на 09002 на прегледот на проекти на делот на Фондот за здравство за додавање нов проект 075-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Фондот за здравство за додавање нов проект 075-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Трајко Гешоски и Жарко Караџовски, поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот Фонд за здравство за додавање нов проект 075-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Ристевски, поднесен амандмакг на раздел 19002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална санмоуправа за додавање нов проект 143-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Жарко Караџовски и Кирил Настески поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на преоктот 140 и на проектот 094, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Томислав Петровски, Митко Тилевски, Илија Пранговски, Илија Илоски и Рубенс Наумовски, поднесоа амандман на раздел 09002 на делот проекти на делот на Фондот за здравство за додавање нов проект 75-а, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35009 ставка 401 и на ставка 431, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35010 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35012 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35013 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35014 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35017 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35018 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35015 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35019 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35020 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35021 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35022 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35023 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35024 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35026 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 35025 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36021 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36020 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36017 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36016 ставка 401 и на ставка 731, по кој Владата не се пооизнела.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ**: (продолжение)

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36015 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36014 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36012 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36009 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36007 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36006 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36004 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36003 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 36002 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443050 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443085 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443018 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 15010 програма 11 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 15001 програма 11 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 16001 ставка 401 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09003 ставка 401 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството на транспорт и врски за додавање нов проект 017а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09004 ставка 444 потставка 444057 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09002 ставка 441 потставка 443182 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443093 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09001 ставка 426 потставка 426075, потставка-426130 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09001 ставка 423 потставка 423033 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09001 ставка 468 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09001 ставка 463 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 09002 ставка 462, ставка 463, ставка 465, ставка 466, ставка 467 и на ставка 468 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ненад Ристовски поднесе амандман на член 3 раздел 12101 ставка 426 потставка 426024 и на ставка 731 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Пемов и Павле Тодоровски поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мухамед Таири и Јонуз Абдулаи поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за менување на насловот на проектот 101 и на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за менување на насловот на проектот 141 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Тито Петковски, Никола Поповски и Љубомир Поповски поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали и Мухамед Таири поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа во новиот проект 143 став 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Талевски, Васе Манчев, Васил Евтимов и Михајло Георгиевски поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Биљал Љутфии и Мухамед Таири поднесоа амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б, по кој Владата не се произнела.

Ова беа досега стигнатите амандмани.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3 поднесен од пратеникот ...

Процедурално збор бара пратеникот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа, сакам да напоменам дека сите амандмани што сега ги прочитавте како поднесувач каде што сум јас, мислам поднесувачот е пратеничката група на Вистинска Македонска Реформска Опција. И не ми е јасно зошто не се и така објавени. Затоа барам објаснување по таа основа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Одговорот на ова процедурално прашање е следниот. Согласно Уставот на Република Македонија предлагач може да биде пратеник, а не пратеничка група.

Процедурално бара збор пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Внимателно ве слушав господине потпретседателе кога ги читавте амандманите. Мислам дека е направен некаков пропуст, затоа не знам каде да интервенирам. Имам три поднесени амандмани, а само два пати ме споменавте. Не знам дали кај службите не е доставен амандманот. Некаде е пропуст.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине Јованов, јас ги прочитав сите амандмани кои што во моментов се стигнати до мене.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Јас ги имам овде сите три, претпоставувам дека треба да се и таму.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ќе ги задолжиме службите да го проверат тоа. Најверојатно се споени амандманите.

Бидејќи никој друг не бара збор, отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3 поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман станува составен дел на Предлогот за ребаланс на буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за животна средина и просторно планирање за додавање нов проект 010-а поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, претставник на Владата, јас имам поднесено четири амандмани и тие како и другите амандмани од овие и вие кои ги прочитавте кои се во огромен број, мислам од сите тие 90% се однесуваат на средствата од разпределба на Телеком врз основа на одредени прокламирани принципи. А тоа пред се би *се* задржал на основниот критериум врз основа на кој треба да се делат овие средства, а тоа е значење на економскиот развој, влијание на вработеноста, придонес за регионалниот развој и можноста за кофинансирање со средства од донации. Тргнувајќи од ваквите услови и транспарентноста за која и министерот зборуваше, Органите на Единицата на локалната самоуправа од ресен ги сватија буквално и реално и врз основа на целокупното досегашно нивно делување до надлежните министерства поднесуваат огромен број на барања, а и од средствата на министерствата и од Телеком поднесоа барања поткрепени со проекти и издржани и вклопувачки во овие критериуми. Од голем број на пратеници беше укажувано дека распределбата од средствата на Телеком не се распределени согласно овие принципи. И министерот со ова свое укажување по овој амандман и по другите наредни амандмани, затоа јас земам право согласно Деловникот да дадам едно воведно излагање и за другите амандмани, сигурно за 90, или 95%, или 100% сите амандмани ќе ги одбие на пратениците кои имаат влијание на локален, регионален и ги исполнуваат условите.

Она што сакаше министерот да го прифати, тоа е во амандманите на Владата кои се составен дел. И мислам дека така ќе оди, таа е стратегијата. Затоа би сакал да укажам, ако одреден аналитичар, па и обичен граѓанин и не економист, или правник, ја погледаат распределбата на средствата од Телеком ќе видат дека тие

се распределени врз основа не на критериумите кои се програмирани и објавени, туку тие се распределени врз основа на свои лични видувања на министрите, тоа се гледа, на министрите врз основа на своите територијални и политички гледања. Дури би сакал даукажам, дури и во оваа распределба има и лични каприци. Каприци на министри кои во тој период на коалиционата влада ги распределуваа. Не би сакал да потенцирам, ќе бидат потенцирани во текот на разправата, од зелени паркови во одредени градови на Република Македонија до одредени банални износи за канализации, водоводи во одредени селски населби. Затоа претставувајќи ги интересите на локалната самоуправа го поднесов овој амандман во кој се бараа средства за заштита на Преспанското езеро со пречистителна станица и изградба на примарна и секундарна канализациона мрежа на град Ресен. Не би сакал да зборувам што значи и заштитата на Преспанското езеро, дека оваа Влада нема определени средства врз основа на свои фондови и од Буџетот на Република Македонија сме локалната самоуправа поддржана од Владата и Министерството за екологија е во преговори со одредени странски институции и банки што значи ги исполнуваат и тие услови. Во распределбата се определени средства што е за поздравување за Дојран, но затоа барам од пратениците да го поддржат овој дел и другите амандмани во делот на заштита на Преспанското езеро.

Сега е битно прашањето и со сите овие амандмани ние бараме локално, штитејќи ги интересите на единиците на локалната самоуправа од каде што потекнуваме. Многу е битен и другиот дел. Од кои средства бараме? Господине министре, кога сме свесни дека во Македонија се врши целосна транзиција и трансформација на општествениот и државниот капитал од распределбата на средствата на Телеком врз основа на критериуми за вработување, точно може ќе има, Вие издвојувате 10 милиони марки за купување на деловен простор за Министерството за трговија, или сега за економија од зградата на Бетон. Кога цела Македонија со дисконт од 90%, 70%, 80% се продаваат ексклузивни,елитни државни претпријатија со деловни простори', Република Македонија купува деловен простор за 10 милиони марки од зградата на Бетон. Дали е издржливо, по кои критериуми, ссвен вработување на државната администрација, или давање надоместок. Ги прашувам пратениците за наредните амандмани и за сите нивни барања дали во овој период Република Македонија не може да најде друг деловен простор, во своите фондови од Агенцијата за приватизација, од продажбата на државниот капитал кој е сопственост. Нема претпријатие од Технометал во Скопје елитен каде што државата нема свој имот, каде државата не учествува од 30 до 40%, плус Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Десет милиони марки од средствата за Телеком се даваат за купување на зграда за Министерството. Можеби не е ваша обврска. Јас Ве сваќам, можеби претходниот министер ја земал таа обврска, но овие средства не се вклопуваат во тие критериуми. Ако правиме одреден баланс, тежина за она што бараат пратениците и она што треба, не држи и не би сакал да објаснувате за јавна администрација, Министерство за економија. Има во Република Македонија и во Скопје како центар многу простори во кои може да се реши по пат на државниот имот, или општествениот имот. Затоа барам пратениците овој амандман кој е од огромно значење за развој на туризмот, да не зборувам за екологијата во Република Македонија и на Преспанското езеро да биде поддржан од причини што средствата се земаат од, да не речам сега, да не се наруши комодитетот на одредени државни службеници кои сите пратеници знааат која е таа зграда на Бетон, во Капиштец која Владата ја купува за 10 милиони марки.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ги замолувам сите пратеници кои што се во фоајето да влезат во салата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Ве молам да констатираме колкав број на пратеници имаме во салата.

Ги молам службите да избројат колку пратеници имаме присутни во салата.

Констатирам дека во моментов имаме 61 пратеник во салата.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници за гласале 24, воздржани 18, против 21.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за животна средина и просторно планирање за

додавање нов проект 010-а, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 042-а поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, сметајќи дека и понатаму дека средствата од 10 милиони марки не можат да се употребат врз овие критериуми за купување на зградата на Бетон за администрација за Министерството за економија, бидејќи има други по приоритетни прашања на триторијата на Република Македонија и во Преспа, а бидејќи на 26.06 2001 година од Владата на Република Македонија добив одговор на пратеничко прашање во кој самата Влада вика дека отворањето на граничниот премин Маркова Нога помеѓу Република Македонија и Република Грција од аспект на надлежностите во областа би имало повеќекратно значење и набројува понатаму кое е значењето за развој на туризмот во Република Македонија, поврзување со Јадранскиот базен туристички, пренасочување на целокупниот туристички премин на Битола, Прилеп и во Западна Македонија, вели дека треба да се изнајдат средства. Тоа го вика самата Влада. Затоа од средства наменети за купување на зградата на Бетон за граничниот премин Маркова Нога, тоа е во селото Долно Дупени на Македонско-Грчката граница, бараме 300 илјади марки од 10-те милиони марки од зградата на Бетон за изградба на прва фаза на граничниот премин, бидејќи како што им е познато на голем дела на пратеници и на јавноста патот од магистралниот пат за Охрид и Битола до Маркова Нога, до граничниот е изграден одамна веќе, тој е во добра состојба, одговара на сите стандарди.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (продолжение)

Затоа, би ги замолил пратениците да го гсрифатат овој амандман, за отворање на овој граничен премин да се определат овие 300 илјади марки за изградба и развој на целиот тој дел, не само на Преспа, туку на Македонија и општините кои гравитираат на тој дел, од Прилеп, Охрид, Струга, Дебар.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од вкупно 61 пратеник, за амандманот гласале 28, воздржани 15, против 18.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на делот на проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 042-а поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на проектот 046 и за менување на насловот на проектот 047, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ако другите предложени амандмани му ги расипуваа и нарушуваа односите на министерот за финансии во делот на распределбата од политичко партиски, територијален интегритет и гледање, ова е типичен пример зошто министерот не го прифаќа овој амандман. Се работи за она што го зборував на почетокот за одредени каприци на одредени министри.

Во делот 8, во распределбата на средствата по проектите кои се финансираат од средствата од продажбата на Телекомот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во број 046 пишува "расаднички центри 4 милиони марки".Под број 047 пишува "здрав и квалитетен лозов саден материјал". Четири милиони марки односно 2 милиони марки оваа година се даваат за здрав и квалитетен лозов саден материјал.

Пратениците треба да бидат свесни дека со Законот за вино изгласаа при извозот односно дел од извозот на вина и други производи да се формира фонд за вино, покрај одредени настојувања на Министер-ството за шумарство и

водостопанство за единствен фонд и за стимула-ции во извозот или субвенции во извозот, и тој дел го имаме, но министерот е од тој крај, па затоа.

Што значи овој амандман.

Овој амандман не бара прераспределба на средствата на локален дел или сега за преспа и други градови. Во овој амандман се вели: "Расадни центри на овошни насади и во делот 047 насловот на проектот се менува и гласи: "Здрав и квалитетен лозов, јаболков и крушков саден материјал". Ако го развиваме земјоделството неможеме да дадеме 4 милиони за развој само на лозови насади, треба да ги развиеме и тие расаднички центри. Не би сакал да зборувам овде, бидејќи министерот за финансии не е надлежен и не го зане тоа, но треба да го прифати овој амандман. Во РМ, со исклучок на Центарот во Скопје во Заводот за овоштарство , над 90% садниот материјал за овоштарството за цела Македонија се увезува од Јужна Србија. Не е ни квалитетен, ни здравствено оспособен, иако ги добива сетификатите. Се случува цели насади во Преспа, Тетово, Прилеп и други градови после година или две да се исушат. После вложување на толкав труд, 100% или 90% имаат неразвивање или сушење, што создава големи штети.

Затоа,апелирам до колку може, врз основа на овие убедувања, министерот да го прифати амандманот, бидејќи не се врши никакво разграничување на локално ниво. Се вели: "Покрај лозовите расаднички центри, до колку ги исполнат условите, имаат и другите градови во РМ пристап за развој на расанички центри".

Затоа, ги молам пратениците, што имаат интерес во овој дел, бидејќи е јавен интерес, да го поддржат овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Во моментот во салата немаме кворум за работа, па затоа за пет минути ги молам колегите пратеници да се вратат во салата за да продолжиме со работа.

(во слата влегоа неколку пратеници)

Почитувани колеги, ќе пристапиме повторно кон гласање по амандманот на пратеникот Александар Гештаковски.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Од вкупно 62 пратеници, 27 гласале за амандманот, воздржани 15, против 20.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на насловот на проектот 04 6 и за менување на насловот на проектот 047, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 0902 на дел од проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додаваше нов проект 131-а поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Александар Гештаковски:

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јасно е дека министерот и понатаму ќе го брани сето она што не се брани, што значи ќе ги бараме средствата од 10 милиони марки за купување на зградата на"Бетон" а мислам дека и сите пратеници се надеваа дека за своите општини амандманите што ги имаат ќе се определат, но министерот оваа тактика ја избра, како што кажав на почетокот, да не прифати ниеден амандман колку да ја издржан, непочитувајќи ги принципите кои ги изгради Владата.

Овој амандман се однесува на групата амандмани за водоснабдување и за изградба на регионалниот водовод Ресен, а голем дел од амандманите се од другите пратеници, што е проблем на сите градови па и на Преспа, за тоа не би сакал да објаснувам. Се бараат милион марки од зградата на "Бетон" Злтоа пратениците пак ги повикувам да го поддржат овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ**:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 64 пратеници, за гласале 28, воздржани 19, против 17.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 0902 на дел од проекти на делот од Министерството за локална самоупра-ва за додавање нов проект 131-а, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 0 9002 на дел од проекти на делот од Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 138-а поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Од 68 пратеници за гласале 27, 19 воздржани, и 22 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на делот од проекти на делот од Министерството за локална самоуп-рава за додавање нов проект 138-а, поднесен од пратеникот Ристо Спанакс

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на делот од проекти за додавање на нов проект 143-а, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Г. потпретседателе, не ги кажувате амандманите по ред како што пред малку ги читавте па сега мораме да ги најдеме. Кога ги читавте имаше некој редослед по кој што ние ги наместивме, а има многу амандмани.

Овој амандман помина на почетокот, прв амандман беше.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Се работи за два различни амандмани. Едниот е"за изменувањето и дополнувањето на Буџетот за додавање нов член 3-а, кој гласи", тој е усвоен, а сега отворам претрес по амандманот каде што во разделот 09002 Министерството за финансии-функции на државата во преглед на проектите кои се финансираат од средства од продажбата на Телеком во делот на Министерството за локална самоуправа се додава нов проект 143-а, кој гласи и тн.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, поднесен од пратеникот Ванчо Панчев.

Од 68 пратеници за гласале 27, 19 воздржани, и 22 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на делот од проекти на делот од Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 138-а, поднесен од пратеникот Ристо Спанакски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на делот од проекти за додавање на нов проект 143-а, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Г. потпретседателе, не ги кажувате амандманите по ред како што пред малку ги читавте па сега мораме да ги најдеме. Кога ги читавте имаше некој редослед по кој што ние ги наместивме, а има многу амандмани.

Овој амандман помина на почетокот, прв амандман беше.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Се работи за два различни амандмани. Едниот е"за изменувањето и дополнувањето на Буџетот за додавање нов член 3-а, кој гласи", тој е усвоен, а сега отворам претрес по амандманот каде што во разделот 09002 Министерството за финансии-функции на државата во преглед на проектите кои се финансираат од средства од продажбата на Телеком во делот на Министерството за локална самоуправа се додава нов проект 143-а, кој гласи и тн.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, поднесен од пратеникот Ванчо Панчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Немаме доволно кворум во салата или очигледно некој не гласал.

Ве молам да го повториме гласањето по амандманот на колегата Ванчо Панчев.

(по гласањето)

Од 63 пратеници, за амандманот гласале 26, воздржани 21 и против 16.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на делот на проекти на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, поднесен од пратеникот Ванчо Панчев.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Васил Гаџов-ски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Од 61 пратебник за гласале 23, воздржани 23, и против 15.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за локална самоуправ за додавање нов проект 143-а, поднесен од пратниците Коце Трајановски и Вали Гаџовски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 ставка - ве замолувам за ред во салата, за да можат претставниците на Владата да слушнат за кој амандман станува збор.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 ставка 420 потставка 420018, потставка 420026 и потставка 420077 и на раздел 0902 програма 12 ставка 462 потставка 462039 , поднесен од пратениците Александар Пандов и Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Констатирам дека некој очигледно не гласал.

Предлагам да го повториме гласањето.

Ги замолувам службите повторно да го уклучат системот за гласање.

(по гласањето)

Од 63 пратеници, за амандманот гласале 14, воздржани 26, против 23.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 02001 ставка 420, потставка 420018, потставка 420026 и потставка 42007' и на раздел 09002 програма 12 ставка 462 потставка 462039, поднесен од рпатениците Александар Пандов и Ристо Спанаков.

Отворам претрес по амандманот на член 2, билансот на прихо-дите, ставка 712, потставка 7111, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Тоа е еден од амандманите на нашата пратеничка група и сакам да образложам дека идејата на амандманот беше следна;

Сметаме дека приходите по овој основ што ги предлагаме во амандманот, треба да бидат поголеми, бидејки со реформата на јавната администрација што се врши од почетокот на оваа година,

очекуваме ревитализација и активирање на деловите кои беа реформирани во јавната админситрација , кои ќе можат сами да стопанисуваат. Со тоа ќе се зголемат приходите од имот.

Ние сметаме дека оваа проекција што ја даваме во амандманот е реална.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојменов.

Дали некој друг бара збвор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, за гласале 19 , воздржани 14, против 28.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот на член 2, биланс на приходите, ставка 711, потставка 7111, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Отворам претрес по амандмнаот на член 2, ставка 711 , потставка 7112, поднндсен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот,

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници за амандманот гласале 17 пратеници, воздржани 12, против 37.

Отворам претрес по амандмнаот на член 2, ставка 711 , потставка 7113, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ние и во уводното излагање не добивме одговор од министерот и Министерството за финансии, а премолчувањето на ваквата состојба значи или одобрување, или незнам што да кажам, а очигледно со неприфаќањето на амандманот Министерството за финансии смета дека треба ваквата состојба во државата да остане.

Имено, амандманот се однесува на приходи во Буџетот од капитал и капитална добивка.

Таквите даноци се пропишани со Законот за персонален данок и Законот за данок на добивка.

Ако со овие закони точно е прецизирано на кој капитал на добивка се плаќа данок од капитал и данок од капитална добивка и ако се утврдени точните стапки и ако не се планираат вакви приходи во Буџетот во 2001 година очигледно Министерството само се откажува од ваквата наплата , а нема право да го прави тоа. Ние не гледаме причина зошто тоа така го прави.

Ако се има предвид дека се работи за приходи од капиатл и од остварување на капитална добивка тогаш се знае кој може да има капитал и да остварува капитални добивки во државата. Тоа се новостечените богаташи, новите капиталисти кои се стекнаа со овие блага на земјата на начин , на кој што сме сите сведоци и со тоа ако Владата не прифати еден вакво амандман , да ги собере средствата кои што треба да се слеат во државната каса таа соучествува со нивното несобирање во кршењето на законот, бидејки и самата го крши законот.

Еден од темелните ставови при предлагањето на нашите амандмани е овој амандман за кој што сметаме дека Министерството за финансии е должно според Законот да ги собере овие даноци. Зато мислам дека треба уште еднаш Министерството за финансии да се изјасни за ваквата ситуација.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандмнаот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека од 64 пратеника за гласале 21, воздржани 5 и против 38.

Се зголемува и шверцот со овие стапки и нашата грижа беше токму околу овој момент. Затоа инсистиравме да биде прифатен еден ваков амандмна.

Друго што имавме во предвид е тоа што 60% од акцизите отпаѓаат на прометот на нафтени деривати и можеби тука е и клучниот, актуелниот момент кој настанува во Република Македонија. Се случува војна меѓу фирмите околу бизнисот со нафтата во Република Македонија на грбот на граѓаните на РМ, кои се принудени во редици да чекаат пред пумпите. Сметаме дека Владата спротивно на методологијата за формирање на цената на нафтените деривати води политика преку Буџетот за зголемување на профитот на ОКТА за сметка на намалување на приходите на Буџетот правејки монопол на ОКТА, а ги знаеме новите моменти околу Спогодбата со Европаската заедница и сметаме дека е тоа директно против интересите на Македонија и на Буџетот на Република Македонија.

Нашето гледање, а сметаме дека и гледањето на повеќето, освен одредена група на специјално заинтересирани министри и луѓе во Владата дека треба да се пушти слободен увоз на нафта и нафтени деривати. Сигурно дека приходите од акцизите во Буџетот ќе бидат далеку поголеми. Ќе се добијат два аспекти.

Прво, заштита на потрошувачите , кои гледате како се малтретираат.

И второ, додатно полнење на Буџетот по овој основ.

Ако се дозволи слободен увоз на овие производи приходите од акцизи ќе бидат 12.900 милиони, како што беше предлогот претходно на министерот за финансии . Сега не ни е јасно зошто РМ и Владата на РМ се откажува од овие приходи, кога е овозможено вакви приходи да се соберат , и ваквите приходи да се прелеваат како приходи на компанијата ОКТА.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандмнаот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Веројатно некој од тие што се во салата не гласале.

Ве молам пратениците што се надвор да влезат во салата и да го повториме гласањето.

Ги молам службите да го вклучат системот за гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека од 67 пратеника за гласале 25, воздржани 5 и против 37.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 ставка 714, потставка 7142, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Отворам претрес по амандмнаот на член 2, ставка 716 , потставка 7161, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ**:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот и амандмнаот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 ставка 716, потставка 7161, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Отворам претрес по амандмнаот на член 2, ставка 718 , потставка 7181, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Се работи за амандманот на член 2 ставка 718 потставка 7181, а еден од важните, темелните ставови на нашите забелешки врз проекцијата на Буџетот беше оптоварувањето на стопанството. Сметаме дека низ амандманското разработување на материјата има низа резерви од каде што можат да се добијат средства за реализирање на овие амандмани, меѓутоа не стопанството, ние бараме ваквите дозволи за вршење на дејност од наведениот износ во Буџетот да се сведе на нула односно сметаме дека Владата треба да се откаже и да го растовари стопанството од ваквите дозволи за вршење на дејност со што ќе помогне и на фирмите во вака тешка воена ситуација да преживеат , да

функционираат и да останат колку толку витални во вака тешки услови.

Сметаме дека тотално негативниот став на Владата кон сите наши амандмани се проектира и денес , а исто така сметаме дека министерот треба посериозно да пријде кон нив и да ги разгледа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Констатирам дека од 67 пратеника за гласале 25, воздржани 5 и против 37.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 ставка 714, потставка 7142, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Отворам претрес по амандмнаот на член 2, ставка 716 , потставка 7161, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор господинот Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван министер,

Би ве замолил во иднина воопшто за ниту еден амандман на оваа пратеничка група да не гласате затоа што тие имаа шанса и можност со нивниот поранешен министер многу работи да докажат и покажат.Според тоа, овој приучен лекар, сега стручњак за финансии го молам да не не вознемирува бидејќи и така е Петровден, треба да завршиме што поскоро. Некои што мислат дека амандманите треба да го нарушат ребалансот на Буџетот да ги повлечат за да завршиме побрзо.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЕЧСКИ:**

Јас ве молам понатаму колеги пратеници да бидете коректни и да зборувате во прилог на ребалансот на Буџетот, без меѓусебни... Збор побара министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би го замолил пратеникот, кога цело време зборува за стопанството, да се произнесе што подразбира под стопанство, бидејќи претходниот негов амандман се однесуваше на растоварување на приведувачите на игри на среќа и цело време зборуваше дека со тоа ќе го растовариме стопанството. Значи, претходно што помина амандманот што не го коментирав, меѓутоа сега ме предизвика да го коментирам, вели средствата што ги плаќаат казината, играчниците, и тн. да ги ослободиме за да се ослободи стопанството. Во иднина, ако може, нека каже што подразбира под стопанство. Ако подразбира ова, тогаш нека знае и јавноста и пратениците на какво стопанство мисли.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Има збор пратеникот Стојмеков.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас протестирам против навредата на пратеникот Ѓорѓи Котевски и против ниското ниво што го покажува на култура, бидејќи јас не сум приучен доктор. Јас сум дипломиран доктор. Со тоа ги потценува и институциите во државата, легалните, што ги дале дипломите. Меѓутоа, тој смета дека од позиција на пратеник може се да каже, се да негира и очигледно му се брза, не знаев,можеби и тој влегол во големите бизниси на профити и на добивки, па му се брза и не сака да го гледа буџетот. Господине Котевски, вие немате право да барате од пратеничката група да ги повлече амандманите, ниту имате право како пратеник да сугерирате ад хок да не се гласа за сите амандмани на една пратеничка група. Тоа го немаше ниту во сталинизмот. Вие денеска направивте преседан, го навредувате Парламентот на Република Македонија со ваквиот ваш однос.

Што се однесува до амандманот што е даден на министерот за финансии и неговиот одговор мислам дека требаше да се осврне на аргументите на амандманот а не за текст на друг амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор бара пратеникот Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувнаи пратеници, вие сите бевте сведоци за што јас кажав дека е приучен финансиер, а не дека е приучен лекар. Тој си е добар стручњак во својата струка и треба да си остане на тоа поле. Меѓутоа, и од оваа говорница да му кажам дека нему, со неговата преполовена пратеничка група, седната во "магарешка клупа", не ја сметам за пратеничка група.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Од ова место, како потпретседател на Собранието, навистина предлагам сепак да го сочуваме достоинството и да седнеме и да расправаме за тоа што сме дошле овде. А, меѓусебните и меѓупартиските препреки да ги оставиме за надвор.

За збор се јави пратеникот Симов Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМОВ:**

Почитуван потпретседателе,

Треба и вие да обрнете внимание на господинот Котевски, да внимава на зборовите што ги употребува во ова Собрание, бидејќи има можност целокупната македонска јавност да го слуша. Добро им е познат на граѓаните од Битола, посебно кој е господинот Котевски. А, дали ние ќе седиме во последна клупа или дали господата од ДПМНЕ седат во прва клупа и нивниот премиер дали ќе седи во прва клупа, доволно зборуваат податоците што се направија тие на Македонија за овие две години. Не треба тој да не убедува во која клупа седиме, туку е важно што ќе придонесиме во интерес на оваа држава.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Симов, јас молам како потпретседател на Собранието, сепак, кога ќе гиословувате политичките партии да гиословувате по името како што се регистрирани во Регистарот на политичките партии.

Предлагам,во овој момент, меѓусебните препреки да ги оставите ако навистина е важен овој буџет за некого, а тоа дали некој ќе го поддржи или не, затоа и галсаме за амаднманите.

Збор побара пратеникот Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сакав да му кажам на господинот Котевски дека веројатно ја промашил салата. Ова не е сала за стручна дебата, ова е сала на народни избраници кои имаат легитимно право да предлагаат и тоа право никој не може да им го одземе. А, ако е толку загрижен пратеник и одговорен и се грижи за Буџетот, го предупредувам дека е претседател на Комисија та за внатрешна политика и одбрана која има заклучок од пред три месеци да зборува за безбедносната ситуација во РМ, а таа Комисија не ја свикал. Со главата како ној во песок се крие да ја постави точката за безбедносната ситуација на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Тоа е ликот и делото на господинот Ѓорги Котевски кој еднаш не ги свика министерот за внатрешни работи и одбрана на отворена или затворена седница да разговараме и да не информираат во Комисијата за внатрешна политика и одбрана за актуелната безбедносна ситуација во земјата, а брза денеска да си оди побрзо да завршиме по дискусијата за амаднманите. И,ако може ние никој да не предлагаме, само даги усвојуваме амандманите на Владата.

Навистина жална ситуација. Го молам понатаму да не продолжува со груби изрази и навреди бидејќи на таквото нешто ќе се трудиме како пратеничка група да не му одговараме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, јас гледам дека вас не ви се работи и дека не сакате да ги претресуваме амандманите.

(Гласни реакции во салата)

Согласно договорот со координаторите на пратеничките групи имајќи го предвид фактот дека голема група пратеници нема да присуству ва од 17,00 часот во салава, предлагам да го завршиме овој амандман и за денеска ќе ја прекинеме работата.

Затоа ве молам да бидеме малку посериозни кон работата, впрочем каква што ни е состојбата во државата.

Го молам госпдинот Котевски во интерес на времето и работата ако може да се повлече и да преминеме на работа.

Збор бара пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Никогаш во ова Собрание, со втор мандат сум, сум немал зла намера да правам било какво поткопување, да правам било каква деструкција. Таквите луѓе кои прават деструкција, таквите луѓе кои ја донесог Република Македонија се наоѓаат во таа клупа. Тие, легитимитетот го добија од Партијата ВМРО-ДПМНЕ и немам право да се мешам што преминале во некоја друга партија, меѓутоа тие немаат право за сите оние мои ставови што овде ги изнесувам релевантно и имам потврда за тоа, немааа причина да се лутат.

Инаку, почитувани господа, таму кои седите во таа, последна клупа...

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Котевски јас сепак ве замолувам да се држите...

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Ве молам, вие се продадовте за евтини пари, а овој потпретседателот, за едно потпретседателско место се продаде.

(Бурни реакции во салата)

Според тоа, нема причина што да зборуваат во име на народот на Македонија. Народот на Република Македонија доволно знае што направија. Со пукањето на првата коалиција, вие пукнавте во Република Македонија. Ја доведовме Македонија до оваа состојба.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Многу стручно мислење на пратеникот Котевски.

Збор бара пратеникот Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Вака сега, господине Котевски.

Да,имавме легитимен предлог за амандман. Дискутиравме со Министерството за финансии и сме подготвени да го повлечеме ако треба амандманот, ако се плашите толку од амандмани и амандманска расправа.

Меѓутоа, господине Котевски, вие за нашиот амандман не кажавте, зборувавте 15 минути, еден збор за амандманот не прозборевте. Искажавте грст навреди кон Пратеничката група и да знаете, ние седиме во последнагга; клупа и горди сме на тоа што избегавме од тука. Бидејќи, со кого ќе седевме незнам каква ќе ни беше судбината во иднина, каква што е судбината на Македонија денес.

Друга работа е да не отвараме теми што не се коректни, не ги навредувајте легитимно избраните претставници на народот кога ги бранат амандманите за важна материја како што е буџетот. Ова не е стручна расправа за буџетот, ова е собраниска. Стручната е завршена на Влада, на владините комисии. Не го негирајте нашиот избор како пратеници, бидејќи ние сме избрани на мнозинската листа. А вие, кои немавте авторитет и за кои немаше партијата ВМРО-ДПМНЕ храброст како постари членови, угледни во своите средини да ве стави на мнозинската листа, дојдовте од зад грб на пропорционалната листа од 20 или 25 место сте вие.

Нас не гласаа граѓаните на Република Македонија на мнозинска листа и ние сме должни, имаме обврска кон нив да ги застапуваме и ќе ги застапуваме така како што мислиме и како што го чуствуваме нивното јавно мислење.

А вие,господине Котевски продолжете од пропорционалната листа да бидете само партиски војник и да ги заштитувате партиските интереси.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор....

(Бурни реакции во салата.Пратеникот Амди Бајрам бара збор со упатување кон говорницата).

Не сте пријавени господине Амди.

(Пратеникот Амди Бајрам гласно протестрира, а потпретсе-дателот предупредува на ред со звончето).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 75 пратеници за амандманот гласале 27, воздржани се 6 а против 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 ставка 719, потставка 7191 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Почитувани колеги пратеници, во овој момент ја прекинувам седницата. Дополнително ќе бидете известени за нејзиното продолжување.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот.)